АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

„Светозар Марковиќ“бр.1
2320 Делчево

Тел. + 389(0)33411-550
www.delcevo.gov.mk
E-mail:
info@delcevo.gov.mk

*РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА*
*ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО*
*ЛОКАЛНА САМОУПРАВА*
*Бр. 08-2110/1*

*06.12.2018 година*
*Делчево*

# ПРАВИЛНИК

## За измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација

Декември,2018 година

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

„Светозар Марковиќ“бр.1
2320 Делчево

Тел. + 389(0)33411-550
**www.delcevo.gov.mk**
*E-mail:*
*info@delcevo.gov.mk*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА***
***ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО***
***ЛОКАЛНА САМОУПРАВА***
***Бр. 08-2110/1***

***06.12.2018 година***
***Делчево***

Врз основа на член 17 став(7) од Законот за вработените во јавниот сектор(Службен Весник на Република Македонија бр.27/2014,199/2014,27/2016,35/2018 и 198/2018),Градоначалникот на Општина Делчево , донесе

**ПРАВИЛНИК**
**За измени и дополнувања на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација**

Член 1

Со овој Правилник се врши измена и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Делчево со архивски број 08-563/1 од 21.03.2016 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општинската администрација на Општина Делчево со архивски број 08-389/2 од 01.03.2018 година.

Член 2

Во глава IV .ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО:

-во **Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**,на работното место со **реден број 32**,Раководител на Одделение за правни и општи работи и јавни дејности во делот Вид на образование, зборовите Социјална работа и социјална политика се бришат;

-во **Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**,на работното место со **реден број 34**,Советник за образование, социјална и здравствена заштита на децата, во делот Вид на образование,по зборовите Наука за книжевноста се додаваат зборовите или Историски науки ;

-во **Одделение за правни и општи работи и јавни дејности**,на работното место со **реден број 37**,Соработник за едношалтерско работење, во делот Вид на образование, зборовите Јавно здравство и здравствена заштита, се бришат и гласи: Информатика,социологија или правни науки;

-во **Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат**,на работното место со **реден број 48**,Раководител на Одделение за инспекциски надзор-Инспекторат-Виш инспектор, во делот Вид на образование,зборовите Индустриско инжинерство и менаџмент, се бришат и гласи: Правни науки,животна средина,архитектура, урбанизам и планирање;

-во **Одделение за управување со човечки ресурси**,на работното место со **реден број 55**,Раководител на Одделение за управување со човечки ресурси , во делот Вид на образование, зборовите Социјална работа и социјална политика се бришат ;

-во **Одделение за управување со човечки ресурси**,на работното место со **реден број 56**,Советник за вработување и информативен систем за човечки ресурси во делот Вид на образование, по зборовите Социјална работа и социјална политика се додаваат и зборовите: Правни науки или информатика;

Член 3

Во делот ДРУГИ ПОМОШНО ТЕХНИЧКИ ЛИЦА-ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА –ТППЕ :
-на **работно место со реден број 61**, Командир на ТППЕ Делчево ,Вид на образование зборовите Безбедност или сообраќај и транспорт се бришат и гласи: Високо образование;
-на **работно место со реден број 63**, Пожарникар спасител,Вид на образование зборовите IV степен средно техничко образование или гимназиско образование или електромеханичар се бришат и гласи: Средно образование (IV степен);

Член 4

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиена писмена согласност од Министерство за информатичко општество и администрација.

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
**Градоначалник**
**Горан Трајковски**

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**

„Светозар Марковиќ"бр.1
2320 Делчево

Тел. + 389(0)33411-550
***www.delcevo.gov.mk***
*E-mail:*
*info@delcevo.gov.mk*

***РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈ***
***ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО***
***ЛОКАЛНА САМОУПРАВА***
***Бр. 08-2110/1***

***06.12.2018 година***
***Делчево***

Република Македонија
**Министерство за информатичко општество и администрација**

[redacted]
ДЕЛЧЕВО

| Примено: 10. 12. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 08 | 2110/2 | | |


Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Кирил и Методиј, 54
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3221 882
Факс. (02) 3221 883
Е-пошта: contact_mis@mis.gov.mk
Сајт: www.mis.gov.mk


Архивски бр. 12/6-1575/5
Дата: 07.12.2018

До: Општина Делчево

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, и 35/18), Министерството за информатичко општество и администрација дава

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

ПИСМЕНА СОГЛАСНОСТ
на

Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Делчево со архивски број 08-2110/1 од 6.12.2018 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Општина Делчево, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места.

Министерството за информатичко општество и администрација ги разгледа доставените актите и утврди дека истите се во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор, Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места на општина Делчево со архивски број 08-2110/1 од 6.12.2018 година.

Со почит,

Државен секретар
М-р Јахи Јахија

Подготвил: Бранка М. Коцевска